Гипс и гипсени префабрикати
Prodhimi dhe përpunimi i gjipsit
"КНАУФ-РАДИКА" А.Д. ДЕБАР
"KNAUF-RADIKA" SH.A. DIBËR
Br.-Nr. 03-159/1
22.09. 2014 god.-viti

25/1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-4547/1
22-09-2014 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот "Долно Косоврасти", општина Дебар бр.24-5395/3 од 07.10.2013 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Гипс и гипсени префабрикати "КНАУФ-РАДИКА" АД Дебар

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Bekim Neziri
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Гипс и гипсени префабрикати КНАУФ-РАДИКА АД-Дебар
со адреса: Ул.8-ми Септември Бр. ББ Дебар, Република Македонија
застапувано од лицето Тодор Деловски
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2014 година во Скопје, склучија:

АНЕКС
НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГИПС НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ДОЛНО КОСОВРАСТИ", ОПШТИНА ДЕБАР

Член 1

Во членот 10 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот "Долно Косоврасти", општина Дебар бр.24-5395/3 од 07.10.2013 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Гипс и гипсени префабрикати "КНАУФ-РАДИКА" АД Дебар, по ставот 2 се додаваат 3 нови става кои гласат :

Концесискиот надоместок заради користење на простор на кој е доделена концесијата за експлоатација, Концесионерот е должен да го плаќа за секоја година пооделно, а најдоцна до 31 декември во тековната година. Концесионерот е должен обрската за плаќање на концесискиот надоместок заради користење на простор на кој е доделена концесијата за експлоатацијата на минерални суровини е должен да ја плаќа за целиот период на траење на концесијата.

Плаќањето на концесискиот надоместок за продадената количина на минерална суровина се врши на секои три месеци, односно Концесионерот е должен плаќањето на овој надоместоци да го изврши најдоцна до 15-ти во

месецот кој што следи, а по истекот на трите месеци кои служат како основа за пресметка.

Доколку Концесионерот задоцни со наплатата на концесискиот надоместок, покрај главнината му се пресметува и законска казнена камата, согласно Законот за облигациони односи.
На долгуваниот износ на концесики надоместок се наплатува законска казнена камата, од датумот на истекување на пропишаниот рок се до датумот на плаќање, а која стапка се определува за секое полугодие и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на НБРМ (референтна стапка), што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени, за соодветниот период.

Член 2

Овој анекс на договор е склучен во 7 (седум) еднообразни примероци, по четири примероци за Концедентот и по три примероци за Концесионерот.

Член 3

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА
Bekim Neziri

За Концесионерот
Гипс и гипсени префабрикати
КНАУФ-РАДИКА АД-Дебар
Тодор Деловски

Беатрикс Петер - Кнауф

Изработил: Фатмир Шаќири
Контролирал: м-р Костадин Јованов
м-р Ејуп Љатифи